ADING

# ЗАШТИТА-Б

*Средство за нега на свежо вграден бетон изработен на основа на растворувачи*

## Област на примена:

Се применува за заштита од брзо испарување на водата од свежите бетонски површини. Најчесто се применува при изведба на бетонски работи при високи температури, како и при изведба на бетонски конструкции со големи површини како аеродромски писти, патишта, фундаменти и плочи, брани и сл.

## Својства:

- обезбедува контролирана цементна хидратација;
- контролирано испарување на водата на свежо вградениот бетон;
- подобар квалитет на бетонската површина;
- смалување на опасноста од појава на површински пукнатини;
- брза апликација со распрскување;
- отпорен на атмосферски влијанија;
- целосно се апсорбира во подлогата;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Изглед: | Жолтеникава течност |
| Волуменска маса: | 0,8 - 0,9 гр/см$^3$ |
| Температурна стабилност: | 5°C-30°C |

## Подготовка на подлога:

На површината на бетонот да нема испливана вода вода. Подлогата не смее да биде целосно сува.

## Вградување:

Заштита Б се нанесува непосредно по врзувањето на бетонот. со распрскување на свежиот бетон. Распрскувачот треба да биде до 45см од површината на бетонот и да се движи рамномерно за да обезбеди целосно воедначено покривање. Притисокот од пумпата треба да биде константен за да се обезбеди фин и рамномерен спреј.
По нанесувањето нема потреба од дополнително прскање со вода или друг материјал за заштита.
Бетонската површина не треба да се оптеретува се до моментот додека не ја постигне потребната јачина да ги носи површинските товари. Преку нанесениот филм несмее да има никаков сообраќај до неговото целосно оцврснување.
Ако се нанесува на површини на тукушто оцврснат бетон веднашпо демонтажа на оплатата, бетонските површини претходно да се испрскаат со вода до заситување, а потоа да се нанесе материјалот. Сувите површини може да предизвикаат абсорпција на материјалот во бетонот и што подоцна ќе предизвика тешкотии при одстранувањето.
При продолжување на бетонирањето, како и нанесување на други слоеви (корозивна заштита, хидроизолација), потребно е да се одстрани слојот на Заштита Б со воден млаз под притисок.

## Потрошувачка:

| | |
|---|---|
| Во зависност од подлогата | 250-300 гр/м$^2$ |

## Чистење:

Пумпата, алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## Пакување:

| | |
|---|---|
| Пластични буриња од | 10, 20 и 50 кг. |
| Метални буриња од | 170 кг. |

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, на температура од минимум 5°C до 30°C, заштитен од директно изложување на сонце. Рок на употреба: 12 месеци.

<u>Опасност по здравјето:</u>
Заштита-Б не содржи токсични материи, и покрај тоа потребно е да се внимава да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Во случај на прскање на кожата или во очите, потребно е плакнење со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. При работа потребно е да се користи заштитна опрема: очила и ракавици.
<u>Пожар:</u>
Заштита-Б е запалива течност.
<u>Чистење и депонирање:</u>
Чистењето на остатоци од Заштита-Б е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.

ADING
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821

ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*

ГРАДЕЖНИ ПРОИЗВОДИ